Одговор: По иницијативата за оценување на уставноста на посочените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/2023), образуван е предметот У.бр.67/2023. Во тек е претходната постапка, преземени се потребните дејствија, односно побарани се податоци и известувања од Собранието и Владата на Република Северна Македонија кои се од интерес за водење на постапката. Откако претходната постапка ќе биде окончана, предметот ќе биде ставен на дневен ред за одлучување кој ќе биде објавен на веб-страницата на Судот, www.ustavensud.mk.